# АДИНГПОКС 1ПВ

*Нисковискозен двокомпонентен епоксиден претпремаз за влажни бетонски подлоги*
*Одговара на EN 1504-2, метода 2.2(C) и 8.2(C); EN 13813 SR-B2.0-IR4*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Како претпремаз - прајмер кај сите епоксидни системи. За импрегнација и подобрување на физичко механичките својства на бетонски површини или површини од цементен малтер. За заштита на бетонски површини изложени на механички влијанија и хемиска агресија. При мешање со кварцен песок може да се добие епоксиден малтер со високи физичко-механички карактеристики наменет за санација на оштетувања на бетонските конструкции. АДИНГПОКС 1ПВ се применува како дел од системот за обработка на пешачки патеки на мостови во комбинација со завршни премази на база на метакрилатна смола АДИНГМАРКЕР П или АДИНГКОЛОР РФ.
Адингпокс 1ПВ се користи и како дел од хидроизолациониот систем за мостовски конструкции во комбинација со кварцен песок и битуменски траки. Како епоксидна подлога кај овие системи, Адингпокс 1ПВ ги издржува термичките промени при лепење на битуменската трака и при вградувањето на асфалтот.
Поради ниската вискозност на производот, Адингпокс 1ПВ се применува за залевање и инјектирање на пукнатини со ширина поголема од 0,1 mm. Со тоа се овозможува остварување конструктивна врска помеѓу бетонските елементи и враќање на носивоста на конструкцијата која се санира.

## СВОЈСТВА

- Транспарентна, нисковискозна двокомпонетна епоксидна смола;
- Висока атхезија за сува и влажна бетонска подлога;
- Водоотпорен и водонепропустлив;
- Бактериолошки отпорен;
- Добра отпорност на благи киселини, раствори на соли и минерални масла;
- Отпорен на нафта и нафтени деривати;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед (А+Бкомпонента) | - | вискозна транспарентна течност |
| Однос на мешање | - | А:Б=1,7:1,0 |
| Густина | EN ISO 2811-1 | А+Б - 1,05-1,09 g/cm³ |
| Отворено време за работа на температура од 20 до 25˚C | | до 60 мин. |
| Јакост на атхезија | EN 1542 | >2MPa |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ВГРАДУВАЊЕ:

### <u>ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА</u>

Бетонската подлога треба да е здрава, чиста, обезмастена и обеспрашена со јакост на притисок од најмалку 25 MPa.
Кај новоизведени бетонски подлоги АДИНГПОКС 1ПВ препорачливо е да се нанесува најмалку 7 дена по завршеното бетонирање.
Доколку АДИНГПОКС 1ПВ се користи како прајмер за други епоксидни или метакрилатни подлоги потребно е бетонот да биде стар најмалку 28 дена.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Цементното млеко, пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат по механички пат.
Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали наменети за конструктивна санација на бетонски конструкции.

## НАНЕСУВАЊЕ АДИНГПОКС 1ПВ КАКО ПРЕМАЗ

Пред замешување на смесата, потребно е компонентите А и Б засебно да се промешаат. Материјалот се подготвува со замешување на двете компоненти со електричен бавен мешач (300 до 500 вртежи /мин.) до потполна хомогенизација. Количината на материјалот што се меша, треба да биде во согласност со отвореното време за работа со материјалот.
Нанесувањето се изведува рамномерно по површината, со валјак. Кај високо порозни подлоги, може да се нанесе во два слоја. Температурата на подлогата при нанесување треба да биде од 10°C до 30°C. Амбиенталната температура при изведба да е од 10°C до 30°C. АДИНГПОКС 1ПВ може да се нанесува и при зголемена релативна влажност на воздухот, но препорачливо е истата да не надминува 80%.

## ПОДГОТОВКА НА ЕПОКСИДЕН РЕПАРАТУРЕН МАЛТЕР

Епоксиден малтер се приготвува со бавно мешање на компонентите А и Б од Адингпокс 1 ПВ (до потполно воедначување), а потоа се додава кварцно полнило во однос Адингпокс 1ПВ : Полнило С/Х = 1: 4 до 1:7. За мешање се користи бавен машински мешач до потполна хомогенизација. Површината, каде е нанесен малтерот завршно се обработува рачно со челична глетарка, при што материјалот се натиснува до целосно затворање на површинската структура. По потреба како завршен премаз може да се нанесе Адингпокс 1 или друг епоксиден премаз за целосно затворање на структурата.
За илустрација дадена е следната табела каде се прикажани резултатите од испитување на епоксиден малтер приготвен со Адингпокс 1 ПВ и Полнило С/Х (0,3-0,8 mm) и однос на мешање Адингпокс 1ПВ : Полнило С/Х (0,3-0,8 mm) = 1:4.

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Однос на мешање | - | А+Б : Полнило С/Х (0,3-0,8 mm) = 1 : 4 |
| Јакост на притисок | EN 12190 | >65MPa |
| Јакост на атхезија | EN 1542 | >2MPa |

- При користење на епоксиден малтер за епоксидна санација неопходно е да се извршат претходни испитувања.

## ИНЈЕКТИРАЊЕ НА ПУКНАТИНИ

Адингпокс 1ПВ може да се вградува со инјектирање под притисок со користење на инјекциона пумпа за еднокомпонентни материјали (во рамките на отвореното време за работа на производот). Инјектирањето се врши преку пакери, кои се опремени со неповратна дизна. Пакерите се поставуваат во отвори избушени директно во пукнатината или под агол – при што пакерот треба да ја пресекува пукнатината. По поставување на пакерите, пукнатината потребно е да се затвори со епоксиден кит со цел да се спречи истекување на материјалот при инјектирањето. Растојанието на кое се поставуваат пакерите зависи од ширината и длабочината на пукнатината. Кај вертикални пукнатини, инјектирањето на Адингпокс 1ПВ се врши континуирано од најнискиот пакер нагоре, со цел да се спречи "заробување" на воздух во пукнатината.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

За еден слој: 0,15 – 0,25 kg/m² (како прајмер и како премаз)

За дебелина на слој 1cm (како малтер): 19,00 – 21,00 kg/m²

(Адингпокс 1ПВ : Полнило С/Х (0,3-0,8 mm ) = 1:4)

## ПАКУВАЊЕ

Во сетови од (А+Б компонента) 3 kg
(А компонента 1,9 kg и Б компонента 1,1 kg)
Во сетови од (А+Б компонента) 24,3 kg
(А компонента 15,3 kg и Б компонента 9,0 kg)

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П веднаш по употребата.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 9 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

20

GDAB001/1

EN 1504-2:2004
EN 13813:2002 SR-B2.0-IR4

**АДИНГПОКС 1ПВ**
Епоксиден претпремаз за влажни бетонски подлоги

| | |
|---|---|
| **Според EN 1504-2** | |
| Капиларна апсорпција | **w < 0.1 kg/m² · h^0.5^** |
| Пропустливост на водена пареа | **Класа III, $S_D$ ≥ 50 m** |
| Адхезивна јакост со pull-off тест | **≥ 2,0 N/mm²** |
| **Според EN 13813** | |
| Отпорност на удар | **Класа I ≥ 4 Nm**<br>**Без појава на пукнатини и деламинација** |
| Јакост на истегнување | **Класа B 2,0**<br>**> 2,0 N/mm²** |
| Ослободување на корозивни супстанции | **SR** |

ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАВРШНА ОБРАБОТКА НА ПОДОВИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на компонентите. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Адингпокс 1ПВ и Растворувач П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс 1ПВ се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.
Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk